ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работењето на Одборот на директори на Лотарија на Македонија АД Скопје во 2011 година

## ВОВЕД

Одборот на директори, како орган на управување на Лотарија на Македонија АД Скопје, согласно Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето на друштвото.Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, во Годишниот извештај, органот на управување мора објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околности кои влијаеле на работењето на Друштвото, вклучувајки ги и промените во опкружувањето, залагањето на органот на управување за одржување на успешноста во работата, деловни потфати и сл.

Во таа насока Одборот во кратки црти ќе се обиде да ги објасни условите за работење во деловната 2011 година.

Одборот на директори на Лотарија на Македонија во состав: Виолета Татабитовска, Митко Димов, и Драган Наков, како независен неизвршен член, во извештајната 2011 година одржа 7 седници, од кои 4 во новиот состав, на кои расправаше и одлучуваше за прашања, што согласно Законот и Статутот на друштвото беа во негов делокруг на одлучување.

## ОПКРУЖУВАЊЕ

Во текот на изминатата 2011 година Македонија според сите макроекономски податоци е економски релативно стабилна земја. Има низок државен долг, има релативно мал буџет, ниска инфлација, има релативно низок дефицит во буџетот и платниот биланс. Сепак, Македонија го изгуби темпото на развојот и македонската економија е нефункционална и тоа, делумно заради светската економска криза, но дел и поради одложувањето на структурните реформи. Према многумина аналитичари, за да биде македонската економија функционална треба да се отвараат нови работни места, да се обезбеди повисок стандард за граѓаните, поголем извоз, отколку увоз и поголем раст на производството.

Заради фактот дека Македонија е надвор од НАТО И ЕУ,  инвеститорите ја гледаа Македонија како ризична земја за инвестирање, а компаниите се соочуваа со огромни проблеми, висока неликвидност и задолженост, и

голем број блокирани фирми заради неподмирени обврски кон државата. Бидејки немаше пораст на страната на побарувачката,  во прашање беше опстанокот на огромен број на друштва.

Единствено банкарскиот сектор не беше погоден од глобалната економска криза, бидејки имаше обезбедено доволно сопствен капитал за покривање на преземените ризици.

Монетарната политика продолжи со политиката на стабилен девизен курс на денарот кон еврото, и тоа се покажа како идеално решение за одржување на стабилноста на домашната валута во турбулентни времиња.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во текот на 2011 година се приредуваа само посебните игри на среќа-игри на автомати за игри на среќа во Автомат клубовите за кои сеуште имаме лиценци.

Како еден од главните дистрибутери на ОНЕ, Лотарија на Македонија АД Скопје и во изминатата година се бавеше со дополнителна дејност, и во име на ОНЕ ја промовираше нивната комерцијалната активност, и посредуваше при склучување на претплатнички договори.

На своите состаноци Одборот постојано го следеше финансиското работење на Друштвото, го разгледуваше билансот на состојба и успех, и постојано се залагаше и правеше напори за изнаоѓање начини за зголемување на приходите и намалување и редуцитање на трошоците. На состаноците на Одборот  на директори, беа разгледувани полугодишни и годишни извештаи, разни информации, а донесени се низа одлуки од надлежноста на Одборот, согласно законот и Статутот, а меѓу кои: одлука за пописни комисии и извршен попис,  благајнички максимум, одлука за продажба на основни средства,  и др.

Имајќи ја во предвид севкупната состојба на Лотарија на Македонија А Д Скопје согледана од разни аспекти и показатели, гледана во целина, иако годинава заврши со негативен финансиски резултат, сепак не може да се занемари фактот дека менаџерскиот тим, во текот на целата година се залагаше да се обезбедат средства за тековно работење од постоечките ресурси, да се создадат услови за нормално работење на друштвото. Према билансите на состојба и успех имаше подобрување на сите финансиски параметри, и имаше тенденција за намалување на загубата, и имаше мислење дека годината ќе ја завршиме со позитивен финансиски резултат, но сепак, заради пресметковните категории и оваа година завршивме со загуба. Во текот на цела година друштвото беше ликвидно, и

навреме се исплаќаа сите обврски не само према државата туку и према добавувачите.Во текот на работењето, секогаш до крај се почитувани законските обврски, и одлуките се во рамките на позитивните прописи и во согласност со одредбите од Статутот и другите интерни акти на друштвото.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**Претседател**

**Виолета Татабитовска**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО**

Согласно член 480 став 3 од Законот за трговските друштва неизвршните членови на Одборот на директори, во рамките на своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото, и делуваа во согласност со својот систем за внатрешна контрола. Контролата ја вршеа во текот на целата година, преку оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото, вршеа контрола на економичното, ефективното и ефикасното работење во согласност со целите на друштвото, како и контрола на обезбедување на ресурсите од загуби како резултат на непотребни трошоци грешки и нерегуларно работење и сл. И Службата за внатрешна ревизија, која започна со работа од 01.01.2011 година, вршеше постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото, и во рамките на своите надлежности до Неизвршните членови на Одборот на директори доставуваше полугодишни и годишни извештаи за извршените контроли.

Неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на Финансиските извештаи за годината која измина и утврдија дека тие објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите материјални значајни аспекти. Тоа се гледа и во извештајот на Ревизорите, каде е наведено дека сите финансиски извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје заклучно со 31 Декември 2011 година како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што

измина, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Врз основа на изнесеното предлагаме Собранието на акционери:

1. Да ја одобри годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2011година.

2. Да го одобри работењето на Одборот на директори за 2011 година.

Скопје Февруари 2012 година

**Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Виолета Татабитовска**

**Драган Наков**